# THE ROLE OF TEACHERS-PRACTITIONERS IN THE CYCLE OF EDUCATIONAL POLICIES AND REFORMS

**Lidjia Kamcheva – Panova**
Faculty of Philology, UGD – Shtip, RN Macedonia, lkamceva@yahoo.com

**Abstract:** With the increasingly emphasized platitudes “Europeanization”, ”modernization”, and “updating”, the educational process in the Republic of North Macedonia (RNM) is constantly under pressure from the so-called creation of educational policies, reform, and changes translated into concepts, strategies, decrees, regulations, protocols, etc. The question arises, why the reforms projected by certain educational policies are unsuccessful, and often are not directly implemented into practice? The answer can be found, if an analysis of the communication between state institutions, decision-makers, and employees in educational institutions, i.e. teachers, is made. In this sense, with this paper, we want to analyze how teachers experience these reforms and how much they participate in them. Teachers-practitioners are assigned the main role in the implementation of educational policies and reforms, putting them into practice.

Teachers, in fact, are only active in this phase (imposed). However, to achieve meaningful results and truly implement reforms, teachers need to be involved in all stages of the cycle. The identification of the problem can only be said by the practitioners who are directly and daily dealing with the problems. Teachers are an important source of information that plays a significant role in the adoption of educational policies. This means that continuous cooperation and partnership should be established between those who make decisions in the field of education and teachers, as well as recognize and respect teacher-practitioners as important actors in the process of reforming education. Only in that way, the reforms will not meet resistance, will be relevant, the expected goals will be achieved and teachers will be motivated to apply them.

With this research, we want to see how much are the teachers involved in the creation of these educational policies, reforms and strategies, and concepts, in other words, how much are practitioners asked in the creation of educational policies.

**Keywords:** reforms, educational policies, teachers

# УЛОГАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ-ПРАКТИЧАРИ ВО ЦИКЛУСОТ НА ОБРАЗОВНИТЕ ПОЛИТИКИ И РЕФОРМИ

**Лидија Камчева – Панова**
Филолошки факултет, УГД – Штип, РС Македонија, lkamceva@yahoo.com

**Резиме:** Со сè понагласените флоскули „европеизација“, „модернизација“, „осовременување“, воспитно – образовниот процес во РСМ постојано е под притисок на т.н креирање образовни политики, реформи и промени преточени во концепции, стратегии, уредби, правилници, протоколи итн. Се поставува прашањето, зошто реформите предвидени од одредени образовни политики се неуспешни, често се случуваат и директно не се спроведуваат во праксата? Одговорот може да се најде, ако се направи анализа на комуникацијата меѓу државните институции, донесувачите на одлуки и вработените во образовните институции, односно наставниците. Во оваа смисла, со овој труд, сакаме да направиме анализа како наставниците ги доживуваат овие реформи и колку истите учествуваат во нив. На наставниците – практичари им се препишува главната улога при спроведувањето на образовните политики и реформи преточувајќи ги истите во праксата.

Наставниците, всушност, се активни само во оваа фаза (наметнато). Меѓутоа, за да се постигнат значајни резултати и вистински да се спроведат реформите, наставниците треба да бидат вклучени во сите фази од циклусот. Идентификацијата на проблемот, можат да ја кажат само практичарите кои директно и секојдневно се во костец со проблемите. Наставниците се важен извор на информации кои се од значајна улога при донесувањето на образовните политики. Ова значи дека треба да се воспостави континуирана соработка и партнерски однос меѓу они кои ги донесуваат одлуките во сферата на образованието и наставниците,како и да се препознаат и уважат наставниците – практичари како значајни актери во процесот на реформирање на образованието. Само на тој начин, реформите нема да наидат на отпор, ќе бидат релевантни, ќе се постигнат очекуваните цели и наставниците ќе бидат мотивирани за нивна примена.

Со ова истражување сакаме да видиме колку наставниците се вклучени во изработката на овие образовни политики, реформи, стратегии и концепции, со други зборови кажано, колку се прашуваат практичарите во креирањето на образовните политики и реформи.

**Клучни зборови:** реформи, образовни политики, наставници

## 1. ВОВЕД

Со сè понагласените флоскули „европеизација“, „модернизација“, „осовременување“, воспитно – образовниот процес во РСМ постојано е под притисок на т.н креирање образовни политики, реформи и промени преточени во концепции, стратегии, уредби, правилници, протоколи итн. Спроведувањето на овие „реформи“ имаат за цел унапредување на училишниот систем и неговото функционирање, зголемување на ефектите и резултатите од училишната, образовна работа со реформирање на наставниот план и наставните програми, унапредување на управувањето и раководењето со училиштата, компетенциите на наставниците, унапредување на постигнувањата на учениците итн. Меѓутоа, овде се поставуваат неколку прашања: Која претходно направена анализа, доведе до заклучок дека се потребни реформи? Кој учествува во изработката на образовните политики и реформи? Кои се причините за прифаќање/ неприфаќање на одредени решенија? Зошто токму овие понудени решенија? И на крај, каде се наставниците - практичари во оваа претстава, наречена „реформа“?

## 2.ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

Според документите на УНЕСКО (2013), под поимот образовна политика се подразбира политика, стратегија и план. Политиката ги претставува основните и главни владини цели и приоритети во доменот на образованието, стратегијата претставува патоказ за остварување на тие цели и приоритети, а планот ги дефинира активностите, улогите и ресурсите за остварување на стратегијата и политиката. Тешко е да се даде конечна дефиниција за тоа што претставува образовната политика. Многу автори прават разни обиди за дефинирање, но наидуваат на потешкотии бидејќи образовната политика зависи од многу фактори, учесници, општествени вредности, финансии, општествени политики на владеачката гарнитура и интереси. Всушност, образовната политика е процес на одлучување од страна на оние кои имаат авторитет тоа да го прават (почнувајќи од Владата, Министерството за образование и наука до образовните институции), односно тоа е делување на државните институции кои имаат моќ да го насочуваат образованието во одредена насока и да ги концепираат стратегиите, мерките и активностите со кои ќе се постигнат одредени образовни политики. (Spasenović, 2019).

За да се разбере процесот на реформирање и спроведување на образовните политики мора да се користи циклус на образовни политики со кои се опишуваат фазите низ кој поминува овој процес. Вообичаени фази во овој циклус (иако постојат одредени разлики меѓу авторите) се: идентификација на проблемот, формулирање на решенија, одлучување, спроведување на политики и евалуација на резултатите. (Due, 2013; Đorđević, 2009; Miošić, Berković i Horvat, 2014; Smith & Larimer, 2009; Stančetić, 2015). Некако кај нас, како да не се обраќа внимание на овој циклус. Нагласена е само фазата на одлучување (по пат на авторитет на државните институции од сферата на образованието) и „сервирано“ и наметнато спроведување на овие политики и реформи од страна на практичарите.

Се поставува прашањето, зошто реформите предвидени од одредени образовни политики се неуспешни, често се случуваат и директно не се спроведуваат во праксата? Одговорот може да се најде, ако се направи анализа на комуникацијата меѓу државните институции, донесувачите на одлуки и вработените во образовните институции, односно наставниците. Во оваа смисла, со овој труд, сакаме да направиме анализа како наставниците ги доживуваат овие реформи и колку истите учествуваат во нив. На наставниците – практичари им се препишува главната улога при спроведувањето на образовните политики и реформи преточувајќи ги истите во праксата. Наставниците, всушност, се активни само во оваа фаза (наметнато). Меѓутоа, за да се постигнат значајни резултати и вистински да се спроведат реформите, наставниците треба да бидат вклучени во сите фази од циклусот. Идентификацијата на проблемот, можат да ја кажат само практичарите кои директно и секојдневно се во костец со проблемите. Наставниците се важен извор на информации кои се од значајна улога при донесувањето на образовните политики. Ова значи дека треба да се воспостави континуирана соработка и партнерски однос меѓу оние кои ги донесуваат одлуките во сферата на образованието и наставниците,како и да се препознаат и уважат наставниците – практичари како значајни актери во процесот на реформирање на образованието. Само на тој начин, реформите нема да наидат на отпор, ќе бидат релевантни, ќе се постигнат очекуваните цели и наставниците ќе бидат мотивирани за нивна примена.

## 3.МЕТОДОЛОГИЈА

Со ова истражување сакаме да видиме колку наставниците се вклучени во изработката на овие образовни политики, реформи, стратегии и концепции, со други зборови кажано, колку се прашуваат практичарите во креирањето на образовните политики и реформи.
Опфативме 100 наставници, од основните и средните училишта, на подрачјето на Општина Штип. Податоците се собрани врз основа на анкетирање, со анонимен анкетен прашалник од затворен тип.
Користевме квантитативна и квалитативна анализа на податоците од прашањата од затворен тип, користејќи процент. За прашањето од отворен тип (две прашања во анкетниот прашалник) користевме индуктивен пристап. Некои прашање се превземени и адаптирани од други научно – истражувачки документи на оваа тема.

## 4.РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Добиените резултати од анкетниот прашалник ги претставуваме со графикони и квалитативна анализа на добиените резултати.
По првото прашање, добиени се следниве резултати:

***Слика.1 Резултати од прво прашање - Дали наставниците одлучуваат за образовните политики и реформи во воспитанието и образованието во РСМ?***




Од вкупно 100 испитаници, 63 или 63%, одговориле дека наставниците не одлучуваат за образовните политики и реформи во воспитанието и образованието, а дека понекогаш или секогаш одлучуваат, одговориле 37%.Исти, вакви резултати добиваме и на второто прашање.

***Слика 2. Резултати од второ прашање - Дали наставниците активно учествуваат во креирањето на образовните политики и реформи?***



И овде се гледа дека 65% од наставниците договориле дека не учествуваат во креирањето на образовните политики и реформи, 25% понекогаш и 10% од испитаниците дека учествуваат во креирањето.
На третото прашање ги добивме следниве резултати:

***Слика 3. Резултати од трето прашање - Дали од наставниците потекнуваат потребите за реформите во образованието?***




60% од наставниците одговориле дека од нив не потекнуваат потребите за реформи во образованието, 25% одговориле дека понекогаш потекнуваат и 15% дека секогаш овие реформи потекнуваат од наставниците.
Како дополнително образложение на ова прашање, на испитаниците им беше дозволено да одговорат на прашањето од отворен тип: Ако одговоривте со НЕ, тогаш од каде потекнуваат овие потреби, по направената анализа најчестите одговори беа дека тие потекнуваат од странски образовни агенции, невладини организации и од програмата на политичките партии, при што наставниците воопшто не се консултирани.
На четвртото прашање ги добивме следниве резултати:

***Слика 4. Резултати од четврто прашање - Дали, како наставници, одржувате континуирани комуникации со надлежните институции БРО, МОН... , во врска со образовните политики и реформи?***




Од направената анализа може да се види дека помеѓу наставниците и надлежните институции не постојат континуирани комуникации во врска со образовните политики и реформи (70% од испитаниците одговориле НЕ, никогаш), туку во врска со реформите добиваат информации од медиумите и веќе направените промени само им се соопштуваат, како готов производ, на наставниците.
Ова го потврдуваме и со одговорите на петтото прашање.

***Слика 5. Резултати од петтото прашање - Дали како наставници сте доволно вклучени во циклусот на образовните политики и донесувањето одлуки и решенија за реформи во образованието?***




70% од испитаните наставници, одговориле дека не се доволно вклучени во циклусот на образовните политики и донесувањето одлуки и решенија за реформите во образованието.
На шестото прашање, испитаните наставници ги дадоа следниве одговори:

***Слика 6. Резултати од шесто прашање - Дали државните институции одговорни за образованието ги уважуваат вашите мислења, предлози и искуства при осмислувањето и донесувањето одлуки за реформите?***




Како што се и очекуваше, 80 % од наставниците одговорија дека државните институции не ги уважуваат нивните мислења, предлози и искуства при осмислувањето и донесувањето одлуки за реформите. Имаа можност да дадат свое објаснување на одговорот од шестото прашање и по направената анализа како заклучок можеме да кажеме дека наставниците се свесни дека и понекогаш организираните јавни дебати за одредени реформи и промени, се само „маска“ и дека воопшто не се земаат во предвид искажаните ставови и предлози на наставниците на тие јавни дебати.

**5.ЗАКЛУЧОК**

Според добиените резултати, можеме да кажеме дека и покрај тоа што наставниците – практичари ја имаат главната улога во воспитно – образовниот процес, тие воопшто не се вклучени во донесувањето на одлуки за реформи и промени. Воопшто, активно не учествуваат во креирањето на образовните реформи и политики и потребите од реформи не потекнуваат од нив. За жал, и кога ќе се организираат јавни дебати (многу ретко) мислењата, предлозите и ставовите на наставниците – практичари не се земаат во предвид од надлежните институции бидејќи од резултатите од истражувањето се гледа дека не постои континуирана комуникација меѓу надлежните институции и наставниците – практичари. Наставниците се тие што треба да ги спроведуваат овие реформи и промени. Доаѓа до отпор, од нивна страна, затоа што воопшто не се вклучени

во циклусот на образовни политики и донесувањето одлуки и решенија за реформи во образованието. Бидејќи не постои партиципативен однос меѓу институциите и практичарите, целите на овие реформи и промени се неизвесни. Тие се наметнати, а наставниците – практичари се само извршители без мотивација. Поради сето ова изнесено сведоци сме на неуспешноста на реформите и промените во воспитно – образовниот процес во Република Северна Македонија.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Nikolić, M., & Cvijetić, M. (2022).Praktičari u obrazovanju u kontekstu obrazovne politike. Kreiranje politika i zagovaranje u obrazovanju. Visoka škola strukovnih studija za vaspitače „Mihailo Palov" – Vršac. (str. 84–91)

Pavlović, M. (2019). Obrazovna politika – mesto i uloga praktičara. U: D. Pavlović Breneselović, V. Spasenović i Š. Alibabić (ur.). *Zbornik radova, Obrazovna politika i praksa: u skladu ili u raskoraku?* (24–30). Beograd: Filozofski fakultet i Pedagoško društvo Srbije.

Radulović, L. (2019). Prosvetna politika u Srbiji: gde je praktičar? U D. Pavlović Breneselović, V. Spasenović i Š. Alibabić (ur.), Zbornik radova sa nacionalnog naučnog skupa Susreti pedagoga – Obrazovna politika i praksa: u skladu ili u raskoraku (str. 14–24). Beograd: Institut za pedagogiju i andragogiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Beogradu; Pedagoško društvo Srbije.

Spasenović, V. (2019). Obrazovna politika: globalni i lokalni procesi. Beograd: Institut za pedagogiju i andragogiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Beogradu.

Spasenović, V., Hebib, E., & Šaljić, Z. (2020). Odlučivanje o obrazovnoj politici: ko se sve pita? Nacionalni naučni skup Susreti pedagoga: Participacija u obrazovanju - pedagoški (p)ogledi. Institut za pedagogiju i andragogiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Beogradu; Pedagoško društvo Srbije. (str. 115–122)

Spasenović, V., Hebib, E., & Šaljić, Z. (2020). Учешће практичара у процесу стварања и спровођења образовних политика. Оригинални научни рад.Настава и васпитање. Beograd: Institut za pedagogiju i andragogiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Beogradu. ISSN 0547-3330

chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.tamuc.edu/wp-content/uploads/2022/06/2022-4-final-1.pdf, 2023

https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000144711_eng, 2023

https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000108513, 2023

chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.oecd-ilibrary.org/teacher-engagement-in-educational-reform_5kg23vfmdwhh.pdf?itemId=%2Fcontent%2Fcomponent%2F9789264113046-6-en&mimeType=pdf, 2023

https://gpseducation.oecd.org/revieweducationpolicies/#!node=41728&filter=all, 2023